Inicijativa za REKOM
Initiative for RECOM
Иницијатива за РЕКОМ
Nisma për KOMRA
Pobuda za REKOM

**До претседателот на Македонија, господинот Ѓорѓе Иванов**
**До претседателот на Хрватска, господинот Ivo Josipović**
**До претседателот на Србија, господинот Boris Tadić**
**До членот на Претседателството на БиХ, господинот Nebojša Radmanović**
**До членот на Претседателството на БиХ, господинот Željko Komšić**
**До членот на Претседателството на БиХ, господинот Bakir Izetbegović**
**До претседателката на Косово, госпоѓата Atifete Jahjaga**
**До претседателот на Црна Гора, господинот Filip Vujanović**
**До претседателот на Словенија, господнот Danilo Türk**

Предмет: основање на РЕКОМ

Скопје, Сараево, Белград, Приштина, Загреб, Подгорица, Љубљана

Октомври, 2011.

Почитуван претседател Иванов,

Ви се обраќаме, тргнувајќи од уверувањето дека граѓаните на земјите создадени на просторот на некогашна СФРЈ имаат потреба и право да ги дознаат сите факти за воените злосторства и за другите масовни прекршувања на човековите права направени во текот на воените судири од 1990-тите години, како и подоцнежните последици од тие војни.

Пост-југословенските општества повеќе од деценија откако молкна оружјето, не успеваат да се изборат со тешкото наследство од военото минато, најмногу заради тоа што многу факти за убиените, присилно исчезнатите, измачуваните, протераните, за луѓето кои страдале на толку различни начини, страшни начини, се уште се непознати. Познати се само мал број имиња на мртвите, семејствата на повеќе од 13.000 присилно исчезнати и натаму трагаат по своите најмили, жртвите немаат системски можности да бараат и да добијат правилни репарации, а недостигот од сигурно утврдени факти за страдањата се злоупотребува за политички манипулации, за националистичка промоција, за поттикнување на омраза и на нетрпеливост.

Иницијативата за основање на Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и за другите тешки повреди на човековите права на подрачјето на некогашната СФРЈ (РЕКОМ) е основана со цел фактите за страдањата конечно да бидат утврдени и прифатени од сите страни, а нашите општества да престанат да ги одрекуваат и да ги релативизираат злосторствата извршувани во нивно име. Ова е поттик јавноста и државите да ја признаат неправдата нанесена

на жртвите, и конечно да се чуе и гласот на преживеаните и на семејствата на настраданите, да им биде овозможено јавно да ги искажат своите страдања, да ги чуеме непосредно, и наместо на премолчувањето да им бидат изразени сочувство и солидарност.

Основањето на РЕКОМ го поддржаа бројни здруженија на жртви и на нивни семејства, на воени ветерани и на поранешни логораши од сите пост-југословенски земји, верски заедници, етнички групи, активисти за човекови права, бројни правници, педагози и историчари, а особено голем број млади.

Со ова писмо сакаме да дадеме гласна и силна поддршка на иницијативата за РЕКОМ, затоа што веруваме дека утврдувањето, објавувањето и прифаќањето на фактите на регионално ниво е непоходно за сите, за да создадеме основа за да на жртвите да им се врати достоинството, да бидат задоволени нивните права, да биде утврдена судбината на присилно исчезнатите и стравотиите на заедничкото ни блиско минато никогаш да не се повторат.

Иницијативата за РЕКОМ е најдобра можност конечно да престанеме за минатото да говориме и да мислиме како тоа се уште да трае, односно да се соочиме со него, да почнеме да паметиме и да учиме од него, наместо и натаму да го живееме.

Покрај овој општествен, иницијативата за РЕКОМ има потенцијал на свеж и меродавен извор на податоци за правосудството, за историјата и за политиката во регионот, а особено за креативно, морално и психолошко преиспитување на контекстот од кој потекнуваме и во кој живееме, што е капацитет од пресудно влијание за иднината и за прифаќањето на дамнешното минато во име на таа нова иднина. Иницијативата за РЕКОМ може да ги направи подобри нашите општества, а пред се нас самите.

Ние, за кои војната во Југославија со сите нејзини последици ни е предмет на професионално истражување и уметничко видување, повод за размислување и загриженост за судбината на сеќавањата и на вистината, во свое име и во името на етиката на работата со која се занимаваме, бараме да направите сè што е во Ваша моќ оваа иницијатива да заживее и РЕКОМ да започне со работа врз основа на Статутот кој, после неколкугодишни консултации со граѓаните од целиот регион, го усвои Собранието на Коалицијата за РЕКОМ.

Со почит,

Андријана Јаневска, музички уметник, Македонија
Bajrush Mjaku, актер, Македонија
Билјана Ванковска, професор, политолог, Филозофски факултет, Македонија
Билјана Тануровска-Ќулавковска, Локомотива: Нови иницијативи во уметноста и културата, Македонија
Богдан Богданов, хемичар, професор, Македонија
Венко Андоновски, писател и професор, Филолошки факултет, Македонија
Visar Vishka, актер и продуцент, Македонија
Владимир Петрушевски, писател и професор, Природно-математички факултет, Македонија
Гордана Силјановска-Давкова, професор, Правен факултет, Македонија
Daut Dauti, новинар и публицист, Македонија
Димитар Мирчев, политолог , професор, Македонија
Драгана Заревска, уметник, Македонија

Елизабета Шелева, писателка и професор, Филолошки факултет, Македонија
Зоран Арсовски, сликар, Македонија
Ирена Стефоска, историчар, Институт за национална историја, Македонија
Iso Rusi, новинар, Македонија
Јасна Котеска, писателка и професор, Филолошки факултет, Македонија
Јован Донев, професор, Евробалкан, Македонија
Катерина Колозова, професор по филозофија и женски студии, Македонија
Константин Тесторидес, новинар, Македонија
Лилјана Дирјан, писателка, Македонија
Љубомир Цуцуловски, филозоф, професор, Филозофски факултет, Македонија
Маја Бојаџиевска, професор, Филолошки факултет, Македонија
Ристо Лазаров, писател, Македонија
Роберт Алаѓозовски, писател, Македонија
Светлана Антиќ-Јовчевска, новинар, Македонија
Синиша Станковиќ, писател и новинар, Македонија
Славица Инџевска, заменик-извршен директор, Институт отворено општество, Македонија
Слаѓана Димишковска, новинар, Македонија
Стојанка Мирчева, професор, Македонија
Тодор Чепреганов, историчар, директор на Институтот за национална историја, Македонија
Ferid Muhić, писател и професор во пензија, Македонија
Halil Zendeli, писател и издавач, Македонија
Шенка Колозова, актерка, Македонија
Andrej Nikolaidis, публицист, Црна Гора
Božena Jelušić, публицист, Црна Гора
Branko Baletić, режисер, Црна Гора
Varja Đukić, актерка, Црна Гора
Duško Vuković, новинар, Црна Гора
Žaklina Oštir, актерка, Црна Гора
Janko Ljumović, директор на Црногорскиот народен театар, Црна Гора
Leo Djokaj, писател и композитор, Црна Гора
Marija Perović, режисер, Црна Гора
Slobodan Marunović, актер, Црна Гора
Alma Prica, актерка – театарска првенка, Хрватска
Borut Šeparović, театарски режисер, Хрватска
Viktor Ivančić, новинар и писател, Хрватска
Vilim Matula, актер, Хрватска
Vinko Brešan, режисер, Хрватска
Drago Pilsel, новинар, Хрватска
Žarko Puhovski, професор по политичка филозофија, Филозофски факултет Загреб, Хрватска
Zdravko Zima, есеист, колумнист и литературен критичар, Хрватска
Ivica Đikić, новинар и писател, Хрватска
Igor Štiks, писател, Хрватска
Jurica Pavičić, новинар, писател и филмски критичар, Хрватска
Lenka Udovički, режисерка, Хрватска
Mate Matišik, драматург, сценарист, композитор и музичар, Хрватска
Miljenko Jergović, писател и новинар, Хрватска
Nadežda Čačinović, филозоф, претседател на хрватскиот ПЕН, Хрватска
Nenad Puhovski, режисер, Хрватска

Oliver Frljić, театарски режисер, Хрватска
Predrag Lucić, новинар, писател и режисер, Хрватска
Predrag Matvejević, писател и публицист, Хрватска
Rade Šerbedžija, актер, Хрватска
Sibila Petlevski, писателка, Хрватска
Slavenka Drakulić, писателка и новинарка, Хрватска
Slavko Goldštajn, новинар, издавач и писател, Хрватска
Slobodan Šnajder, писател и публицист, Хрватска
Urša Raukar, актерка, Хрватска
Heni Erceg, новинарка, Хрватска
Ališer Sijarić, композитор, Босна и Херцеговина
Amir Imširević, писател, Босна и Херцеговина
Braco Dimitrijević, уметник, Босна и Херцеговина
Goran Samardžić, писател, Босна и Херцеговина
Damir Uzunović, писател, Босна и Херцеговина
Danis Tanović, режисер, Босна и Херцеговина
Dejan Zorić, актер, Босна и Херцеговина
Dino Merlin, музички уметник, Босна и Херцеговина
Dino Mustafić, режисер, Босна и Херцеговина
Dragan Jovičić, актер, Босна и Херцеговина
Ermin Bravo, актер, Босна и Херцеговина
Zlatko Topčić, драмски писател, Босна и Херцеговина
Jasmila Žbanić, режисерка, Босна и Херцеговина
Jusuf Hadžifejzović, уметник, Босна и Херцеговина
Nenad Veličković, писател, Босна и Херцеговина
Safet Zec, сликар, Босна и Херцеговина
Selma Spahić, режисерка, Босна и Херцеговина
Haris Pašović, режисер, Босна и Херцеговина
Aleksandra Jovićević, театролог, Србија
Biljana Srbljanović, драмска писателка, Србија
Božo Koprivica, писател, Србија
Branka Petrić, актерка, Србија
Branko Cvejić, актер, Србија
Vladimir Arsenijević, писател, Србија
Gorčin Stojanović, режисер, Србија
Dejan Mijač, режисер, Србија
Dragan Velikić, писател, Србија
Egon Savin, режисер, Србија
Filip David, книжевник, Србија
Iva Milošević, режисер, Србија
Ivan Čolović, писател и издавач, Србија
Kokan Mladenović, режисер, Србија
Lazar Stojanović, режисер, Србија
Milena Dragićević – Šešić, професор, Факултет за драмски уметности, Србија
Mirjana Karanović, актерка, Србија
Nikola Đuričko, актер, Србија
Nikola Samardžić, историчар, Србија
Radmila Lazić, поетеса, Србија

Svetislav Basara, книжевник, Србија
Slobodan Šijan, режисер, Србија
Stevan Filipović, режисер, Србија
Teofil Pančić, новинар и писател, Србија
Azem Vllasi, адвокат, Косово
Bekim Lumi, режисер, Косово
Veton Nurkollari, режисер, Косово
Doruntina Basha, драматург, Косово
Eliza Hoxha, музички уметник, Косово
Enver Petrovci, глумец и режисер, Косово
Engjëllushe Morina, Иницијатива Косоварите за стабилност, Косово
Zana Hoxha Krasniqi, режисерка, Косово
Jeton Neziraj, режисер, Косово
Kushtrim Koliqi, режисер, Косово
Kushtrim Hoxha, актер, Косово
Aleš Debeljak, книжевник, професор, Факултет за општествени науки, Љубљана, Словенија
Andrej Rozman Roza, актер, Словенија
Božidar Slapšak, професор, Филозофски факултет, Љубљана, Словенија
Božo Repe, историчар, публицист, професор, Филозофски факултет, Љубљана, Словенија
Boris A. Novak, книжевник, Словенија
Boris Vezjak, филозоф, Педагошки факултет, Марибор, Словенија
Veno Taufer, поет, Словенија
Vera Kržišnik Bukič, социолог и публицист, Институт за народносни прашања, Словенија
Vinko Moderndorfer, драматург, писател и режисер, Словенија
Vlado Miheljak, социолог, Факултет за општествени науки, Љубљана, Словенија
Goran Vojnović, книжевник, Словенија
David Tasić, публицист, Словенија
Dušan Jovanović, режисер, Словенија
Dušan Nećak, историчар, професор, Филозофски факултет, Љубљана, Словенија
Igor Mekina, новинар, Словенија
Janez Janša, актер, Словенија
Josip Osti, поет, Словенија
Marjan Strojan, поет, Словенија
Matevž Krivic, правник и публицист, Словенија
Metka Mencin Čeplak, социолог, Фракултет за општествени науки, Љубљана, Словенија
Milena Zupančič, актерка, Словенија
Miroslav Slana - Miros, поет, книжевник и драматург, Словенија
Mitja Čander, писател, Словенија
Mladen Dolar, професор, Филозофски факултет, Љубљана, Словенија
Neža Kogovšek Šalamon, истражувач, Мировен институт, Словенија
Oto Luthar, историчар, Истражувачки институт на Словенечката академија на науки и уметности, Словенија
Radko Polič, актер, Словенија
Svetlana Slapšak, декан, ISH (Institutum Studiorum Humanitatis), Словенија
Sergej Flere, публицист, Филозофски факултет, Марибор, Словенија
Spomenka Hribar, писателка, Словенија
Tone Peršak, режисер и книжевник, Словенија
Uršula Lipovec Čebron, антрополог, Филозофски факултет, Љубљана, Словенија